ЖЕЛЕЗНИЦИ И ЖЕЛЕЗАРНИЦА „УСЛУГИ" Акционерско друштво
Бр. 0202-2573/1
27.10.2021 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 393 од Законот за трговски друштва и член 23 од Статутот на РЖ УСЛУГИ АД Скопје, Одборот на директори на РЖ УСЛУГИ АД Скопје објавува:

# Ј А В Е Н  П О В И К
## за презакажано годишно собрание на акционери на РЖ УСЛУГИ АД Скопје

Се известуваат сите акционери на РЖ УСЛУГИ АД Скопје дека седницата на Годишното собрание на акционери на РЖ УСЛУГИ АД Скопје – презакажано, ќе се одржи на ден 01.11.2021 година (понеделник), во просториите (амфитеатар) на М6 Едукативен Центар на ул. 810 Скопје, (во близина на Пивара АД Скопје), со почеток во 10,00 часот.

Собранието на седницата ќе работи по следниот:

Д н е в е н  р е д

**I. Процедурален дел**

- Отварање на седницата на Собранието
- Избор на претседавач на Собранието
- Избор на бројачи на гласови
- Записникот ќе го води нотар

**II. Работен дел**

1. Разгледување и донесување на одлука за усвојување на Годишната сметка, Финансиските извештаи, Консолидираната годишна сметка, Консолидираните финансиски извештаи, Годишниот извештај за работата на акционерското друштво, Извештајот на внатрешната ревизија за работа на друштвото, како и на Финансиските и Консолидираните финансиски извештаи на овластениот ревизор за деловната 2020 година
2. Донесување одлука за покривање на загубата по годишна сметка за деловната 2020 година
3. Расправа и донесување на одлука за одобрување на работата и за водењето на работењето на друштвото од страна на членовите на Одборот на директори
4. Донесување на Одлука за отповикување на членовите на Одборот на директори
5. Донесување Одлука за избор на членови на Одборот на директори

6. Донесување одлука за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка, Финансиските извештаи, Консолидираната годишна сметка и Консолидираните финансиски извештаи на друштвото за 2021 година
7. Донесување на Одлука за утврдување на паричен надоместок за членовите на одборот на директори

Во работата на годишното собрание можат да учествуваат и да ги остваруваат своите права и интереси сите акционери лично или преку овластени претставници и застапници именувани за остварување на сите или извесни права на управување со полномошно за застапување.

Услов за учество во работата на годишното собрание е пријавување на акционерот или овластениот претставник или застапник со полномошно за преставување и застапување на акциите најдоцна пред почетокот на одржувањето на седницата на годишното собрание.

Акционерите кои ќе овластат полномошник на седницата на собранието на друштвото со давање полномошно во писмена форма, се без обврска да го заверат полномошното кај нотар и треба веднаш писмено да го известат друштвото за секое полномошно дадено во писмена форма.

Акционерот кој нема да го извести друштвото за даденото полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното.

Собранието одлучува само за прашања утврдени во дневниот ред.

Вклучување на нови точки во дневниот ред, предлагање одлуки и поставување на прашања може да се врши по писмен пат согласно член 390 од Законот за трговски друштва во рок од 8 дена од денот кога е објавен јавниот повик за одржување на седницата на собранието со барање за вклучување на нови точки во дневниот ред и поставување на прашања доставени до друштвото.

Гласањето на годишното собрание може да се врши од акционерот лично или од полномошникот на седницата.

Материјалите за работа на седницата на годишното собрание ќе бидат ставени на увид од денот на објавата на јавниот повик секој работен ден во просториите на РЖ УСЛУГИ АД Скопје, на ул. 16-та Македонска Бригада бр. 18, Главна дирекција, приземје, секој работен ден од 12,00 до 14,00 часот и на официјална интернет страница на друштвото - www.rzu.com.mk

РЖ УСЛУГИ АД Скопје
ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ